

*Ископувања на челната кула на тврдината*

**Маркови Кули** (или град **Чрнче**) е тврдина - збег на градот Скопје која лежи 4,5 км на југоисток од центарот на Скопје. Качен е на источниот крај на планината Водно, врз издаден и стрмен варовнички гребен 350 м. високо над полето и Вардар во подножјето. Озгора има поглед врз полето многу километри на север, североисток и исток. Поврзан е со патот што по изохипса врти околу планината, а на тој пат израснале словенските средновековни села Сопиште, Водно, Нерези, Крушопек, Гр(ада)чец.


530
540
550
560

